РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење, во врска со назначување на лице како државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади од страна на министерот, и дали би настанал состојба на судир на интереси доколку лицето е сопственик и управител на трговско друштво согласно одредбите од Законот за трговските друштва, како и основач на здружение на граѓани.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 – б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издава следното

**М И С Л Е Њ Е**

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ја утврдува дефиницијата на поимот судир на интереси:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности“.

Согласно член 8 став (2) од истиот Закон, под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица **и вработените во јавниот сектор.**

Согласно предвидените забрани и ограничувања за вршење на други дејности во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои законска пречка во наведената ситуација.

Во натамошното извршување на службените должности, како службено лице вработено во Министерството за социјална политика, демографија и млади, ДКСК укажува на начелото на интегритет дека секое службено лице во вршењето на својата службена должност е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на должностите не смее да се раководи од лични , семејни, верски, партиски и етнички интереси.

Исто така, ДКСК го потенцира и член 72 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(1) Службеното лице во своето работење е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.“

**Претседател**

**Татјана Димитровска**